Република Северна Македонија
Општина Кавадарци

[redacted]

Арх.Бр. 09-3994/1

Дата: 10 -07- 2025

Кавадарци
Република Северна Македонија
Општина Кавадарци
Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Македонија
Тел. 043/ 416-130 Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk

Врз основа на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2025 година усвоен од Владата на Република Северна Македонија, Мерка 6.2 –Јавни работи за заштита и превенција од пожари и оплеменување на животната средина на локално ниво (пошумување) на ден 10.07.2025 година се објавува:

## Ј А В Е Н   П О В И К

**за работно ангажирање на 35 (триесет и пет) невработени лица за заштита и превенција од пожари и заштита и оплеменување на животната средина на локално ниво (пошумување)**

Се повикуваат сите невработени лица евидентирани во АВРМ кои се заинтересирани да се вклучат во мерката 6.2 –Јавни работи за заштита и превенција од пожари и оплеменување на животната средина на локално ниво (пошумување), заради зголемување на вработливоста преку работно ангажирање на невработените лица за заштита и превенција од пожари и заштита и оплеменување на животната средина на локално ниво (пошумување), да се пријават во Агенција за вработување на РСМ- Центар за вработување Кавадарци.

**Работното ангажирање на невработените лица ќе биде реализирано за период до најмногу 5 (пет) месеци. За кандидатите кои ќе бидат избрани и работно ангажирани се предвидува да им биде исплатен износ од 24.000 денари месечно со вклучено осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест и данок на личен доход.** ( средства обезбедени од Буџет на АВРСМ - Потсметка активни програми и мерки)

За учество во мерката за работно ангажирање, лицата треба да ги исполнуваат следните услови:

- Евидентирани невработени лица во АВРМ – активни баратели на работа;

Лицата да имаат општа здравствена способност и психофизичка способност и да не боледуваат од кардиоваскуларни, белодробни заболувања, епилепсија и дијабет

- да се на возраст до 55 години

При аплицирање за учество во активната мерка, заинтересираните невработени лица се должни да пополнат и потпишат Изјава за доброволно учество во работното ангажирање

[redacted]

од оваа мерка како и прифаќање на обврските кои произлегуваат од учество во мерката, согласно утврденото во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2025 година, Договорот за учество во активната мерка и законските прописи од областа на пожарникарството и шумарството.

Изборот на кандидати за учество во активната мерка ќе го спроведе општината во соработка со ДЗС и Противпожарен сојуз на Македонија, по што со избраните кандидати ќе се склучи Договор за учество во активната мерка со кој подетално ќе се уредат правата и обврските за учество во активната мерка (помеѓу АВРСМ, општината, ДЗС и невработеното лице).

Избраните кандидати се должни да учествуваат на работилница- обука организирана од страна на Противпожарен сојуз на Македонија за користење на противпожарна опрема и стекнување на вештини за справување и превенција од пожари, по што на кандидатите кои успешно ќе ја поминат обуката ќе им биде издадена потврда за стекнати знаења од одржаната работилница-обука.

За времетраење на ангажирањето кандидатот е должен:

- да биде редовен и да ги извршува доделените работни задачи;

-во случај на спреченост за присуство, во рок од 24 часа да го извести организаторот на јавните работи за причината поради која отсуствува и да донесе документ за оправдување;

- да биде дисциплиниран и да го почитува пропишаниот ред и го чува имотот, средствата за работа и совесно да ракува со доверените материјали;

-во случај да направи штета кај изведувачот на работите за време на изведувањето на јавните работи, а поради несовесно однесување или крајно невнимание, должен е истата да ја надомести;

- редовно да се јавуваат за извршување на работниот ангажман

- по потреба да биде достапен за извршување на активностите на подрачје на друга општина, во координација на ЕЛС и ДЗС.

Работното ангажирање на невработени лица кои ќе бидат вклучени во мерката за извршување на јавни работи од карактер за заштита и превенција од пожари и заштита и оплеменување на животната средина на локално ниво (пошумување) ќе се реализира преку општината во соработка и координација со ДЗС (а по потреба и со МЖСПП) согласно потребата од активностите кои треба да се

реализираат во рамки на мерката, а во согласност со законските прописи од областа на пожарникарството и шумарството.

**Правата и обврските на учесниците ќе бидат регулирани со Договорот за учество во активната мерка.**

Потребни документи за аплицирање:
- Пријава за учество (се пополнува во Центарот за вработување)
- Потврда од матичен лекар за општа здравствена состојба и псохофизичка способност на лицето и дека истото не боледува од кардиоваскуларни, белодробни заболувања , епилепсија и дијабет.
- Изјава за согласност за учество во ЦВ (се пополнува во Центарот за вработување).

Заинтересираните невработени лица Пријави за учество во мерката можат да поднесат во Агенција за вработување – Центар за вработување Кавадарци во периодот од 10.07.2025 година до 17.07.2025 година, од 08:00 до 15:00 часот.

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ГРАДОНАЧАЛНИК
д-р Митко Јанчев